СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**28.06.2005**<br>**БРОЈ 5 ГОДИНА 40** | |


# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за пристапување кон измена на Статутот | **2** |
| **2.** | Одлука за организирање на режимот на сообраќај во ПЦГП | **3** |
| **3.** | Предлог програма за активностите на отворен простор во ЦГП за време на туристичката сезона | **7** |
| **4.** | Одлука за затворање на сметките на Општина Охрид | **9** |
| **5.** | Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Охридски Комуналец„ за усвојување на планот за работа за 2005 година | **10** |
| **6.** | Одлука за давање согласност на извештајот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ по годишната сметка за 2004 година | **12** |
| **7.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ за 2004 година | **13** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/2**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 21 од Законот за територијалната организација на Локалната самоуправа во Република Македонија (*Сл.весник на РМ* бр.55/04), член 42 став 1 точка 1, а во врска со членовите 141 - 143 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се пристапува кон измена на Статутот на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 690/2**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ЦГП**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во ЦГП, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**16.06.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај во Централното Градско Подрачје во летниот период од 01.07.2005 година до 31.08.2005 година.

**Член 2**

За еднонасочни улици во градот Охрид се определуваат:

- улицата „Кирил и Методи„ во насока према Горна Порта /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;
- улицата „Крум Точко„ од насока на Горна Порта во насока према Дрвара /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;
- улицата „Гоце Делчев„ од пресек на оваа улица со улицата „Абас Емин„ во насока према Струга и тоа до пресек со улица „Стив Наумов„ /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;
- улицата „Стив Наумов„ од пресек со улица „Гоце Делчев„ во насока со пресекот со улицата „Пере Тошев„ /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;
- улицата „Булевар Македонски Просветители„ и тоа од пресекот со улица „Димитар Влахов„ до пресекот со улицата „Партизанска„ во насока према Езеро /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;

- улицата „Јане Сандански„ од пресекот со улица „Партизанска„ во насока до пресекот со улица „Кеј Маршал Тито„ /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;

- улицата „Кеј Маршал Тито„ од пресекот со улица „Јане Сандански„ во насока до пресекот со улица „АСНОМ„ /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;

- улиците „Димитар Влахов„ , „Даме Груев„ , „Мите Богоевски„ , „Караорман„ , дел од улицата „Кузман Јосифоски Питу„ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата „Димитар Влахов„ до пресекот со улицата „Партизанска„ и дел од улицата „Ванчо Николески„ и тоа од пресекот со улицата „Димитар Влахов„ до пресекот со улицата „Партизанска„ остануваат со постојниот режим на сообраќај;

**Член 3**

Сообраќајот на дел од улицата „Партизанска„ и тоа од пресекот со улица „Ванчо Николески„ до пресек со улица „Јане Сандански„ ќе се одвива во две ленти наменети за движење во една насока, од кои левата сообраќајна лента ќе ја користат МВ кои на следната раскрсница ќе свртуваат во лево, додека десната сообраќајна лента ќе ја користат сите МВ кои на следната раскрсница ќе го продолжат движењето право или ќе свртуваат во десно, додека десната страна од улицата ќе се користи за надолжно паркирање.

**Член 4**

Како времени паркинг простори се определуваат просторите кај:

- полигонот за мали спортови;

- дел од улицата „Ванчо Николески„ и тоа од раскрсницата со улицата „Партизанска„ до улицата „Кеј Маршал Тито„ , паркингот пред хотел Палас, како и дел од улицата „Кеј Маршал Тито„ и тоа од пресекот со улицата „Ванчо Николески„ до пресекот со улицата „Јане Сандански„ како еден заеднички паркинг простор со влез на улица „Ванчо Николески„ и излез на улица „Кеј Маршал Тито„;

- дел од улицата „Кузман Јосифоски Питу„ и тоа од пресекот со улицата „Партизанска„ па према Езеро со дел од паркинг просторот позади Домот на култура Охрид.

На овие времени паркинг простори паркирањето ќе се врши со наплата.

Паркирањето со наплата ќе се врши и на улиците:

- „Булевар Туристичка„ од двете страни кај Градскиот пазар, како и во продолжение после раскрсницата со улица „Булевар Македонски Просветители„ се до пресекот со улицата „Даме Груев„;

- „Булевар Македонски Просветители„ по целата должина;

- „Димитар Влахов„ од влезот во Автобуската станица до пресекот со улица „Булевар Македонски Просветители„;

- „Партизанска„ од самиот почеток до пресекот со улица „Кузман Јосифоски Питу„.

**Член 5**

На Плоштадот „Св.Климент Охридски„ (кружен тек), на дел од улицата „Коста Абрач„ од самиот плоштад па се до зградата на Капетанија како и на дел од улицата „Кеј Маршал Тито„ за цело време додека трае предложениот режим на сообраќај, се исклучува моторниот сообраќај, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона. Снабдувањето на објектите да се врши во времето од 03.00 часот до 09.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат ТМВ чија што вкупна тежина не надминува 5 тона. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетески возила,

погребни возила и ППЗ возила /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;

На улиците „Коста Абраш„ и „Цар Самоил„ секој ден додека трае горе предложениот режим на сообраќај во времето од 19.00часот до 03.00часот се забранува секакво движење на возила /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/;

Улицата „Св.Климент Охридски„ (Чаршијата), Плоштадот Крушевска Република (Чинар), улица „Гоце Делчев„ (Стара чаршија) се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 6**

Во Стариот дел од градот и тоа од „Горна Порта„ ќе можат да сообраќаат само МВ со специјални пропусници за жителите од тој дел како и такси возилата. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2005 година стариот режим/.

Специјалните пропусници ќе се издаваат во Фондот за комунален развој само на жители од стариот дел од градот кои поседуваат важечка лична карта и сопствено МВ со важечка сообраќајна дозвола и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени пропусници.

**Член 7**

Просторот кај Старите гробишта да се користи простор за ТМВ.

**Член 8**

Се врши дислокација на Такси постојката наспроти излезот од Автобуската станица на улица „Партизанска„ и прелокација на истата од левата страна на улица „Партизанска„ пред излезот од Автобуската станица; дислокација на Такси станицата на улица „Партизанска„ кај АД „Македонски Телекомуникации и прелокација на улица „Булевар Туристичка„ во паркинг џепот пред влезот во Македонски Пошти; бришење на Такси станицата на улица „Булевар Туристичка„ пред Градскиот пазар; локација на такси станица на почетокот на улица „Гоце Делчев„ кај вториот чинар од левата страна, локација на Такси станица позади старата стоковна куќа „Чинар„.

**Член 9**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по улица „Гоце Делчев„ кон центарот на градот да се пренасочи по улица „Бистрица„ кон улица „Булевар Туристичка„. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по улица „Булевар Туристичка„ , Петља и Магистралниот патен правец кај село Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга. По дел од улицата „Абас Емин„ и целата должина на улицата „Гоце Делчев„ да сообраќаат само Минибуси до 20 седишта или комби возила.

**Член 10**

Сите ТМВ кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе„ и се приклучат на улица „Булевар Туристичка„.

**Член 11**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим.

**Член 12**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим и интензитет на сообраќај.

**Член 13**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за регулирање на режимот на сообраќајот во ЦГП број 07-56/1 од 21.06.1999 година и Одлуката за измена на Одлуката за регулирање на режимот на сообраќај во ЦГП број 07-922/16 од 09.07.2003 година, како и Одлуката за измена и дополнување за организирањето на режимот на сообраќај во Централното Градско Подрачје број 07-715/2 од 30.06.2004 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 690/3**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО ЦГП ОД 01.05.2005 ДО 01.10.2005 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прогласување на Програмата за активностите на отворен простор во ЦГП од 01.05.2005 до 01.10.2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/4**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа и член 42 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

За активностите на отворен простор во Централно градско подрачје Охрид во времетраење на туристичката сезона (до донесување на Правилник за поставување на опрема на јавните пешачки површини)

- Програмата проследена со графички прилози се однесува на одредување на површини за следните сезонски активности:

**1. Маси и столици пред угостителски објекти**

- површина димензионирана со ширина од **1м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по две столици**;
- површина димензионирана со ширина од **2м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по четири столици**;
- површина димензионирана со ширина од **4м** е планирана за поставување на **два реда маси со по четири столици**;
- површина димензионирана со ширина од **6м** е планирана за поставување на **три реда маси со по четири столици**;
- површина димензионирана со ширина од **8м** е планирана за поставување на **четири ред маси со по четири столици**;

**2. Продажба на книги**

Површина од 35м2 наменета за оваа активност е планирана на улица „Македонски Просветители„ пред патерно уредениот простор.

**3. Продажба на сладолед - фрижидери**

Вдолж кејот планирано е поставување на 8 фрижидери, групирани по два на приближно растојание од 100м (според шемата).

**4. Уметнички дејности**

Површината меѓу трговскиот центар **Амам и Летница** е планирана за изработка и продажба на уметнички слики и портрети, плетење на коси, белегзии и ланчиња.

**5. Детски јавни реквизити**

Површини за оваа намена се планирани на спортскиот центар Биљанини извори и на дел од ул.„Кеј Маршал Тито„ на страна кон Езерото пред хотел Палас, од постојниот шанк Жиголо до улица „Ванчо Николески„.

Површините за активностите предвидени со Програмата треба да се почитуваат.

При организација на површините да се внимава да не се поставуваат елементи што би претставувале бариери при движење на пешаците (дополнителни маси, корита за цвеќа, рекламни паноа и слично).

Површината ангажирана за сезонски активности може да се надкрие со конзолна тенда или чадор поставен во граници на дозволената површина означена во графичкиот прилог.

Одобрение за користење на површини за сезонски активности ќе издава **Фондот за комунален развој и патишта.**

**Напомена**

1. На преминот од улица „Св.Климент Охридски„ кон плоштадот (меѓу угостителските објекти „Летница„ и „Луцерна„) растојанието меѓу столиците да не биде помало од 8.0м.

2. Поставувањето на масите и столиците на улица „Самоилова„ да биде контролирано (согласно шемата) за да се обезбеди непречена комуникација кон стариот дел на градот.

3. Да не се дозволи поставување на отворени или наткриени скари и апарати за производство и продажба на храна на отворен простор.

**Број 07- 690/4**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА СМЕТКИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за затворање на сметките на Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/5**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџети (*Сл.весник на РМ* бр.96/04) и член 42 став 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАТВАРАЊЕ НА СМЕТКИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се затвораат сметките на Општина Охрид под број 530-000200159967 на име Совет на општина Охрид и 530-000200160064 на име Буџет на општина Охрид.

Затекнатото салдо на сметките на денот на затворањето да се префрли на трезорските сметки под број 752014061463010 и 752014061463716.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид „.

**Број 07-690/5**
**16.06.2005 г.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл. весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/6**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (*Сл.весник на РМ* бр.38/96) и член 36 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ**
**НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2005 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на општина Охрид дава согласност на Одлуката за усвојување на Планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2005 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е одлуката на Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид број 02-123/6 од 27.12.2004 година заедно со планот за работа за 2005 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид „.

**Број 07-690/6**
**16.06.2005 г.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски,с.р.**

**ЈП „Охридски Комуналец„**
**Бр.02-1231/6**
**27.12.2004 год.**
**Охрид**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид, Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид на ден 27.12.2004 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**Член 1**

Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид го усвојува Планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2005 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2005 година.

**Член 3**

Оваа Одлука да се достави до Совет на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**УО на ЈП„Охридски Комуналец„ Охрид**
**Претседател,**
**Дипл.правник Боби Горичан, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл. весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2004 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ за 2004 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/7**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (*Сл.весник на РМ* бр.38/96) и член 36 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2004 ГОДИНА

**Член 1**

Извештајот за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид во 2003 година се усвојува во целост онака како што го усвои Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид.

**Член 2**

Извештајот од претходниот член е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид „.

**Број 07-690/7**
**16.06.2005 г.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл. весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2004 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ за 2004 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 16.06.2005 година.

**Број 08-690/8**
**16.06.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (*Сл.весник на РМ* бр.38/96) и член 36 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2004 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на општина Охрид дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2004 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е одлуката на Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид број 02-206/6 од 28.02.2005 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид „.

**Број 07-690/8**
**16.06.2005 г.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски,с.р.**

**ЈП „Охридски Комуналец„**
**Бр.02-206/6**
**28.02.2005 год.**
**Охрид**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија на седницата одржана на 28.02.2005 година, Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид ја донесе следната

**О Д Л У К А**
За усвојување на годишната сметка на
ЈП „Охридски Комуналец„-Охрид за 2004 год.

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид со следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2004 год.
2. Биланс на успех од 01.01 до 31.12.2004 год.

**Член 2**

Во Биланс на состојба на ден 31.12.2004 год. искажани се следните билансни состојби:

- Актива 106.463.441,00
- Пасива 106.463.441,00

**Член 3**

Биланс на успех во периодот од 01.01. до 31.12.2004 год., изнесува:

- Приходи 105.911.716,00
- Расходи 94.792.085,00
- Бруто добивка 11.119.631,00

**Член 4**

Добивката по годишната сметка за 2004 год. во износ од 10.868.379,00 ден. се распоредува во нераспоредена добивка.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука се билансот на состојба и билансот на успех за 2004 год.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Зам. Претседател на Управен Одбор**
**на ЈП„Охридски Комуналец„ Охрид**
**Јоцо Ѓоршески, с.р.**